НУБ 'Св. Климент Охридски'
СКОПЈЕ
РК
II 1692/1
372.416.2=163.3
01946300062
COBISS




# БУКВАР

1 9 4 5

инв. бр. 2625/88

R. II- 1692/1

# БУКВАР
## СО
# ЧИТАНКА
## ЗА ПРВО ОДДЕЛЕНИЕ

НАРОДНА
ТЕКА

СКОПЈЕ 1945

ДРЖАВНО КНИГОИЗДАТЕЛСТВО НА МАКЕДОНИЈА

Н. Инв. № 62/46

P 1957

P 1965

Букварот е изработен од комисијата при Министерството на народната просвета на Македонија во состав:

Димитар поп Ефтимов

Спасе Чучук

Јонче Јосифовски

Васил Куновски

Јордан Киранџијски

Ѓорѓе Ристиќ

Насловната страница и цртежите се од художникот Цицо Поповиќ

ID = 83480842

Штампано во Државната штампарница „Гоце Делчев" - Скопје



# МАРШАЛ ТИТО

НАРОДНА
БИБЛИОТЕКА
КОПИЕ



НАРОДНА
БИБЛИОТЕКА
СКОПИЕ



НАРОДНА
БИБЛИОТЕКА
СКОПЈЕ



НАРОДНА
БИБЛИОТЕКА
СКОПЈЕ

НАРОДНА БИБЛИОТЕКА



# А-а-а

*А-а-а*



# Мама! Мам

# М м

*Мама! Мама!*

*М м*



# О мамо! ам, ам!

# О о

*О мамо, мамо!*



*ам, ам!*

*О о*

НАРОДНА БИБЛИОТЕКА СКОПИЕ





Мама има



Има и





има



има



И и

*Мама има*



*Има и*



*И и*



Нона и Мино

Нона има 

Мино има 

Н н

Има и 

*Ана нани.*

*Нани, нани, Ано!*

*Нани ми, Ано, манина!*

*Н н*



Симон им носи:

на Ана 

на Мино 

а на Нона 

С с

*Симо си има син Мино.*

*С с*



## Есен

На есен се сее. Симон сее семе. Со Симона е и Мино. Нона им носи семе.

Е е

*Есен е. На есен има се. Има и сено. Ене и мама носи сено.*

*Е е*



# Лена

Лена е мома на мама.
Сама се Лена миела.
— О, Лено, моме мамино!
Сама ли си се миела?
— О, мамо, мила мамо ле,
Мома се мие и сама.

Л л



# Мала мома

Лена е мала мома.
Мала е, ама сама
се мие. Лена сама и
меси. Мама мисли:
– Не ѝ е лесно на Лена.

Л л



# Шана шие

Наша Шана има машина.
Шана шие шинел.
— Шано, шинел ли шиеш на машина?
— Шинел, шинел.
— Лесно ли се шие, Шано?
— Лесно, мошне лесно.

## Ш ш



# Шило

И со шило се шие.

Ене, Мише шие со шило.

Шие Мише, ама не е лесно. Со машина лесно се шие.

Ш ш



# Рало

Рано е. Мире рано ора. Со рало ора.

— Ораш ли, Мире?

— Орам, ама со рало лошо се ора.

— Имаш ли рана, Мире?

— Немам. Ене, Мара ми носи.

## Р р



# Роса

На село има оро.
Роса не е на оро.
- Ела, Росо, ела на оро!
- Рано е, Миро, рано е.
- Не е рано, Росо! На
оро се Ана, Мише.
Шана и Лена.

Р р



## Ура-а-а!

Силно „ура“ се слуша. Наши се. Има и Руси. Ура-а-а! Шуми и се слуша.

— Ура-а-а! Наши!

— Ура-а-а! Руси!

## У у



# Умен Русе

Русе е мошне умен. Слуша.

Мама му носи мушмули.

– На, сине, мушмули!

– Мамо, носиш ли и на Мара?

– Носам, носам и на Мара!

У у



# Пионери

Пеша и Пане се пионери. Пеша пере, а Пане пишуе. И Спасе е пионер. И носи сапун на Пеша.

— На, Пешо, сапун! Испери не мене и Панета! Пеша со сапун испра се. Пеша е арна мома. Арни се и Пане и Спасе.

## П п



## Писмо

Мама ѝ на Пеша е на село. Пеша ѝ пишуе писмо:

Мила мамо!

Ела си порано! Ние сме сами, ама не се плашиме. Сè е испрано и се суши.

Спасе ме слуша.

Пеша

П п



# Тасе, теле и прасе

По пат Тасе тера теле и прасе. Не се мирни. Тасе има стап. Со стапот им се топори:

— Мирни! Мирни! Што мислите? Имам стап! Ама тие не се плашат. Само рипаат.

Тасе им стропа со стапот и тие се мирни.

Т т




## Тито е наш

Пионерите минат. Тие носат лопати. Еве се и Тасе и Томе.

Сите пеат:

Тито е наш - ние сме на Тито. Тито е нашиот Маршал.

## Т т



# Врне

Есено време. Само врне. Полето е пусто. Волоите се во арот. Не се ора. Васил само се мисли. Не е весел. Има ниви неорани. Веса му вели:

— Не мисли се, Василе! Има уште време.

— Лошо време, Весо. Оваа есен само врне.

## В в



Васил ора

Времето се отвори. Не врне. Ветерот вее и полето се исуши. Васил е на нива. Весел е. Арно се ора. В в



# Колата на Коста

Стрико Коста тера полна кола. Волоите се виткаат. Тешко им е. На патот има камен.

— Камен, камен, стрико Коста! - викна Коле. Ама стрико Коста не слушна и колата се скрши.

К к



## Колар

Коларот Коне поправа коли. Ете и старико Коста е при коларот.

– Колку пари сакаш, Коне?

– Лесно, лесно, старико Коста, колку е право.

К к



## Диме и ветер

Студен ветер силно вее,
а наш Диме сал се смее.
— Ветре, ветре што си луд!
Не ме плашиш ти со студ!

Надвор студен ветер коси
Диме топло палто носи.
— Ветре. ветре ти си луд!
Што си правиш само труд!

# Д д



## Дедо Дане

Дедо Дане седи во катот.
Студено му е, па си се топли.
До дедо Данета е и внука му
Дара. Пишуе нешто.
- Што пишуеш, Даро? - пра-
ша дедо Дане.
- Новиот урок, дедо!

Д д



## Јане пионер

Има еден пионер,
име му е Јане,
оди в школо секој ден,
со малиот Ване.

Пишуе и смета тој,
во нова писанка.
А ве молам само вас,
видете ја Данка.

Таа само трие с прст,
и секој ден така...
Не е мирна, не слуша,
никој не ја сака.

# Ј ј



## Јанко

Јанко е еден на мајка.
Татко му на Јанка е војник.
И Јанко сака да оди војник.
– Мајко, сакам да одам Титов војник!
– Мајка му Јана му вели:
– Мал си уште, Јанко!
– Нашата војска е јака! Ние ја сакаме нашата војска!

Ј ј



# Гора

Голем снег падна. Горaта ги наведе гранките. Стегна голем студ. Пука дрво и камен. Тетка Гина нема дрва. Таа е сама. Синот Гале ѝ е војник.

Пионерите од село Горјани сакаат да ѝ помогнат. Тргнаа во горатa со секири на рамо.

— Ене ги! Трупаат и носат дрва.

Г г



# Гуски

Га-га-га! - викаат диви гуски. Гиго ги гледа и се радуе:

- Една, две, три! Многу се! Гледај ги како летаат в ред!

- Каде одат, Гиго, тие гуски?

На југ, Гого! Таму е топло и нема снег.

Г г



# Боре и Боге

Боре остана сирак. Родителиге му ги отепаа народните поробители. И селото го запалија.

Боре тргна сам по патот. На пат го срете селанинот Бошко. Тој го одведе Борета дома. Тој го викна сина си Богета:

— Ела, Боге, ти водам еден другар.

Боге дојде и се поздрави со Борета.

Б б



# Боре е болен

Боре е болен. Има голем оган. Тошко го повика докторот. Докторот дојде и го прегледа. После му даде лекот. Боре ги пиеше и брго оздраве.

Б б



## Чудо в село.

Во Челопек е весело
игра мечка на сред село.
Чичо Манчо тупа, пее
и песничка чудна лее.
Старо младо сал се смее
а Рушка со сито сее.
Како овчар чува стада,
После невеста е млада.
Бакшиш дават леб и пари
И чорапи некои стари.

# Ч ч



# Чичо Панче

Чичо Панче е ковач. Тој кове со голем чекан. Прави секири, срапи, чекани, алочи и друго. Многу е работен чичо Панче. Од челото пот му тече, ама тој со чеканот само чука:

— Чук-чак, чук-чак, чук-чак!

Ч ч



## Цвета и Цане

Цвета и Цане по цел ден се заедно. Тие се ученици.

Цане често сака да излезе на улица, ама Цвета му вели:

— Не, Цане! Прво да си ги напишеме уроците. После на улица.

Цвета и Цане си ги напишаа уроците. После излегоа да играат.

Тие се добри деца.

# Ц ц



# Црното маче

Си било едно црно маче.

Многу играло.

Еден ден мачката уловила глушец. Таа му го дала на мачето. Тоа го стегнало глушецот со ноктите и тој почнал да цивка:

- Ци - ци - ци!

Мачето се уплашило и го пуштило. Глушецот тогај избегал.

## Ц ц



# Ќумур

Времето е студено. Ќумурот се догоре. Дрва немаме. Со што ќе се грееме. Мама се замисли. Тате й рече:

— Не се мисли! Еве, ја ќе одам на пазар и ќе купам ќумур.

Тој отиде на пазар и купи две вреќи ќумур.

Мама го запали огнот. Огнот светна и ние се стопливме. Целата куќа се развесели.

## Ќ ќ



# Ќамил свири

Во стајата е топло. Ќамил им свири на децата, а тие весело играат. Во едно коше имаше вреќуле со лешници. Мајка им го донесе и рече:

- Елате, деца, елате! Ќе ви дадам лешници!

Ќамил не свиреше веќе. Сите деца се собрале околу вреќулето.

Ќ ќ



# Фурна

Чичо Филип има фурна. Во фурната меси и пече леб. Ќерка му Фана му помага. Со кофите му носи вода.

На полноќ Филип и Фана се веќе на работа Фенерот им свети.

Ете! Чичо Филип го фрла лебот во фурната да се пече.

Сите го фалат Филипа и велат:

— Убав леб вади чичо Филип.

**Ф ф**



# Фабрика

Фабриката е разрушена. Ја разрушија фашистите. Сега работниците ја чистат фабриката и пионерите се фатиле на работа. Најмногу работат Фидан и Фаик.

Ние ќе направиме многу нови фабрики.

Ф ф



# Ждребе

Нашата кобила се ождреби. Ждребето е бело. Го крстивме Живко.

Ждребето е мало и одвај се држи на нозе.

Кобилата го лиже ждребето да биде убаво, а околу ждребето само му носат сено и го гледаат.

Ж ж



# Жапче

Живееја жаби во една бара. Многу им беше весело. Само скакаа во барата и квакаа:

-Квак-квак-квак!

Старата жаба им рече:

-Не излегујте надвор! Има штркови. Ќе ве изедат.

Едно жапче не слушаше. Тоа често излегуваше над вода. Штркот го фати и го голтна. Жабите многу го жалеа.

Ж ж



# Ѓурѓа

Ѓурѓа оди на вода со ѓумови. На чешма е и баба Живка со две големи кофи. Не може да ги носи. Тешки се многу. Ѓурѓа и рече:

— Дај, бабо, ја ќе ги носам кофите. Ти земи ги ѓумовите по лесни се.

— Да си ми жива ќерко! — Рече баба Живка и ги даде кофите на Ѓурѓа.

Ѓ ѓ



# Ѓурѓа и Ѓоре

Ѓурѓа се враќа од вода
со жолти нови ѓунои
ѓердан и троаа на гуша
А Ѓоре оди на нива
со мили сиви волои.
Срете си сестра од вода,
на сестра Ѓоре говори:
– Дај ми го ѓунот, сестрице,
водица да се напијам.
Ѓурѓа му ѓунот подаде.
Ѓоре се напи водица
и на работа отиде.

Ѓ ѓ



## Нашето коњче

Ние си имаме врано коњче. Секој ден си го терам на пасење. Кротко е нашето коњче. Многу, ни служи и помага. Најмногу ни служи: за јавање орање, вршење, впрегање и носење дрва. За трчање, пак, нема по брзо коњче од нашето. Штом му викнам:

— Напред Ѓокче! — Лета како пиле.

# Њ њ



## Свиња

Свињата со шест прасиња рисше во ѓубрето. Од некаде дотрчаа кучиња. Прасињата се исплашија. Фатија да бегаат. Мајка им ги викаше:

– Гру, гру, гру!

– Прасињата не смееја да се вратат. Еве ги неколку дечиња. Ги растераа кучињата и прасињата се вратија.

Ѓ ѓ



## Љуба и Љупче

Во бафчата израснало зелје. Мама й рече на Љуба:

— Љубо, остави го Љупчета. Оди набери зелје. Денеска ќе ви месам зелник.

Љуба отиде на бафча и набра полна кошница со зелје. Набра и цвеќиња. После Љуба се врати кај Љупчета. Го залула и му запеа:

— Лулај, Љупчо, на лулајка,
зелник ќе ни меси мајка.

# Љ љ



# Љубичица

Љуба, Иљо и Кољо се во гората. Таму е многу весело. Птиците пеат, а цвеќињата мирисаат.

Кољо виде во тревата љубичица и викна:

- Љубо, Иљо, ела да набереме љубичица! Ќе однесеме една китка и на учителката.

Љ љ



## Џ а м

Децата уште не беа дојдени на училиште. Пенџерињата на училницата се отворени. Дувна силен ветер и скрши еден џам. Службеникот Мерџан го извади џамот и го однесе на џамџија. Џамџијата му намести џам и Мерџан се врати.

— Мерџане, кога дува ветер, пенџерињата да ги затвориш, — му рече учителот.

# Џ џ



# Џамџија

Џавид џамџијата е вреден мајстор. Везден тој сече и наместуе џамои на пенџериња и фенери.

Џафер учи при татка си за џамџија. Тој му подава џамои:

-Тате, нема веќе џамои во сандакот - рече Џафер.

Џавид отиде да донесе сандак со џамои.

Џ џ



# Хор

Во нашето училиште има хор.

Секој ден учителката не учи да пееме. Нашите ученици многу убаво пеат. Во нашиот хор пеат: Србинката Христинка, Хрватчето Хинко и Босанчето Хасан.

Во хорот пееме разни песни. Ја пееме и химната на југословенските народи.

Х х



## Малите хористи

Учениците што пеат во хорот се викаат хористи. Хористите пеат не само во хор, но и сами. Трајче и Коле пеат македонски песни. Хинко пее хрватски. Другарката Христинка ни пее многу убави српски песни.

На крајот сите ја пеат химната „Хеј Словени."

Х х



# S s

Учителот ни рече:

— Драги ученици! Од азбуката ни остануе да научиме уште буквата S. Кој ке ни каже зборови со буквата S?

Sвездан се јави и кажа:

— Sвонец, sид и sевгар.

— И јас знам, драги учителе!

— Кажи и ти, Томе! Томе кажа:

— Sвер, sемнам.

Драги ученици, има уште зборови со буквата S. Тие се sиври, sвезда, sирка и уште некои.

# S s



# Ѕевгар

Ѕвездан има еден ѕевгар волои. Волоите имаат по еден ѕвонец на гуша. Тој ги истера на пасење. Волоите пасеа, а ѕвонците им ѕвонеа:

– Ѕин, ѕин, ѕин!

Ѕ ѕ

## КРАЈ НА БУКВАРОТ

Букварот го знајме сиот.
Читанката е на ред.
Еј! Наука ќе збираме.
како мали пчели мед.

Беше мачно — секој знае,
течеше од чела пот,
ама жетва не награди
та ни даде богат плод.

Секој од нас брзо чита
прикаските ред по ред,
во песнички многу лесни
пронајдовме чуден свет.

*Аа Бб Вв Гг Дд Ѓѓ Ее Жж*

*Зз Ѕѕ Ии Јј Кк Лл Љљ Мм*

*Нн Њњ Оо Пп Рр Сс Тт Ќќ*

*Уу Фф Хх Цц Чч Џџ Шш*

Аа Бб Вв Гг Дд Ѓѓ

Ее Жж Зз Ѕѕ Ии Јј

Кк Лл Љљ Мм Нн

Њњ Оо Пп Рр Сс

Тт Ќќ Уу Фф Хх

Цц Чч Џџ Шш



НАРОДНА БИБЛИОТЕКА

# ЧИТАНКА

НАРОДНА БИБЛИОТЕКА СКОПЈЕ



## УЧЕНИЧЕ

Јас сум мало ученичe,
книги носам во торбичe.
Па на школо јас си одам
и сестричe мало водам.

На клупата таму седам,
читанката мило гледам.
Во неа си има песни
и прикаски многу лесни.

В. Куноски

## ДРУГАРЧИЊА

Гале, Скендер и Фета се другарчиња. Живеат во исто маало. Секогаш се заедно. Заедно играат, заедно шетаат, заедно одат на школо. Само школото не е едно за сите. Сега Албанчињата си имаат албанско школо и се учат на нивни јазик. Турчињата си имаат турско школо и се учат на турски јазик. Сега нема веќе ропство. Слободата им ги даде своите први дарои. Гале слободно вика: Јас сум Македонче, а Скендер: Јас сум Албанче, Фета: Јас сум Турче. Но и тројцата ја сакаат својата заедничка татковнина Југославија.



## ДВЕ КОЗИ

Над длабок поток клале тесна греда. На средина се сретиле две кози. Ни едната ни другата не сакаа да се истават. Тие почнаа да се буцаат. Се буцале, се буцале, и двете паднале во вода.

# КОЗА

Јас имам мала
лична козичка,
ем со рокчиња —
ем со брадичка.

Ково ле мила,
ково ле бела,
колку си итра
ко срна цела.

Гризи си, ково,
слатка шумичка,
слатка шумичка —
сочна тревичка.

Наполни виме,
ково, козичке,
и дај ни млеко,
душо, душичке.

Ванчо Николески



# РЕПА

(ПРИКАЗНА)

Насадил дедо репа. Пораснала репата голема — преголема. Фатил дедо да ја корни репата. А ваму, а таму, не се откорнуе.

Ја викнал дедо бабата. Бабата за дедото, дедото за репата, а ваму, а таму, не се откорнуе.

Ја викнала бабата внуката. Внуката за бабата, бабата за дедото, дедото за репата, а ваму, а таму, не се откорнуе.

Го викнала внуката Шара. Шаро за внуката, внуката за бабата, бабата за дедото, дедото за репата, а ваму, а таму, не се откорнуе.

Ја викнал Шаро Маца. Маца за Шара, Шаро за внуката, внуката за бабата, бабата за дедото, дедото за репата, а ваму, а таму, не се откорнуе.

Го викнала Маца глувчето. Глувчето за Маца, Маца за Шара, Шаро за внуката, внуката за бабата, бабата за дедото, дедото за репата, а ваму, а таму, репата се откорна.



# ЛАКОМОТО КУЧЕ

Носел Шаро коска преку мост. Си ја виде сенката во водата. Мисли Шаро оти во водата не е сенка, а друго куче и оти е неговата коска поголема. Ја фрли Шаро својата коска, да му ја грабне коската на другото куче. И што стана: без коска Шарко остана.



## ПЕТЕЛ

На плот петел пее:
— Куку-реку-реку!
Слушајте ме сите,
блиѕу и далеку.

Мажи, жени, деца,
станујте, не стојте
и во рано утро
на работа ојте!

Срам и лоша клетва
на секого тежи,
кој пред сонце рано
во постела лежи!

В. Николески

## МРЗЛИВА МАРА

— Маро, измети ја кука́ва.
— Чисто е.
— Ај однеси ѝ сено на ковата.
— Ковата не е дома.
— Ајде донеси вода.
— Стомна нема.
— Ај земи си лепче и сиренце.
— Сега, сега: и лепче и сиренце.

## ДИВА СВИЊА И ЛИСИЦА

Дивата свиња острела заби под еден даб, а лисицата ја прашала дали има намерение да се тепа со некого, чим ги остри забите.

— Немислам да се тепам — одговори свињата ако дојде до така нешто, поарно да сум спремена.

ДОСИТЕЈ



# ПРИСПИВНА ПЕСНА

Ветерче малко
низ лисје вее,
месецот светка
и зраци лее.

В малечка соба
кандилце гори
и мајка тивко
на чедо збори.

Збори и пее:
„Нани ми нани,
порасни сине,
и голем стани".

Л. Каровски

# БРАТЧЕ

Во една куќа живеале братче и сестрица. Братчето се викало Сергеј, а сестрицата Катја.

Еден ден се разболе сестрицата. Повикале лекар. Тој й дал некакви лекои, што биле многу горчливи. Катја ги пиела, ама секогаш се муртела и плачела.

Братчето се сожалило гледајќи како сестра му секој ден плаче. Дошло кај неа и й рекло:

— Сестрице, дај ја ќе ги пијам лекоите! Многу ми е жал за тебе.

Руска прикаска

# РАЗВИВАЈ ГОРО ЗЕЛЕНА

Ни прела гора ни ткала,
сѐ зимо болна лежала,
како ми дојде Ѓурѓовден,
сама се гора облекла
сѐ во зелена долама,
сѐ во зелено кадифе.

Развивај, горо зелена,
развивај шумо зелена,
отвори сенки широки
ќе мине Делчев војвода
со неговата дружина.

Качунчице, сиротице,
што ми цутиш среде зима,
среде зима, коложега?

Јас си имам зла маштеа,
ме скорива мошне рано,
зато цутам среде зима,
среде зима, коложега.

## ЛАСТОИЧЕ

Ластоичето застана на еден тел и зацвргори. Го виде едно овчарче и го праша:

— Кај беше ти зимоска, кога дуваа студени ветрои и снегот ја покриваше земјата?

— Далеку бев! Еј, далеку на југ. Таму никога не паѓа снег. Времето е секогаш топло и комарци има колку ми душа сака.

— А зошто се враќаш пак кај нас? Зар таму не е поарно? — го праша овчарчето.

— Летото таму е многу жешко. Сите потоци и мали реки пресушуат. И комарци тогај тешко најдуам. Затоа пролетта и летото идам заму, а на есен пак се враќам на југ.

Сп. Чучук



## НА ОРАЊЕ

Едно утро дедо —
од селото горе,
со внучето мало
се крена да оре.

Внуче волои води,
а дедо плуг стега
и му вели кротко:
„Напред, чедо, сега.“

Стар е, стар е дедо,
коса му е бела,
а брадата долга
една педа цела.

Ем работи дедо,
ем си тивко пее,
внучето му расне —
надежда го грее.

Ванчо Николески



## ПЧЕЛИ

Над липов цвет пчели мали
леткаат во дружен лет,
да соберат, да направат
за децата сладок мед.

Та да крепнат силни гради
како утро в мајски ден,
да пораснат деца млади
мажи здрави како дрен.

Гого



# ПИОНЕР

Пионер сум, друже,
пушка веќе носам —
земја јас да бранам,
душмани да косам.

На глава ми шапка
од книга е чиста,
а на неа ѕвезда
петокрака блиста.

Јас смело се колнам,
треба ли — ќе станам,
од грабачи црни
роден крај да бранам.

С. Јаневски

## БОРЦИ

Врвеа стотини автомобили низ Скопје. Татнеше калдрмата. Се полнеа со прав улиците. Поганата германска војска ја газеше нашата земја.

Мето им рече на другарите:

— Ете ги пак овие. Ќе седиме ли со скрстени раце кога партизаните леат крв?

— Не, — рекоа сите.

Бргу се договорија.

Утрината на неколку германски камиони им пукнаа гумите. Нагазија на клинци и — пау.

Викаа Германците, караа и се потеа дури ги направија гумите.

Така смелите Титови пионери помагаа на борбата.

А бре, Македонче,
каде се спремаш?
— Борба ќе водам,
борба за слобода.
Нека разберат
клетите фашисти:
македонско име
нема да загине!



## ДАЛИ ПРАВИШ ВАКА?

1. Правиш ли наутро гимнастика?

   Знај дека гимнастиката дава сила.

2. Дали се измиваш со студена вода?
3. Дали ги држиш чисти лицето, вратот, ушите, главата, рацете и нозете.
4. Дали си ги чистиш чевлите?



## ЧИСТА ДАНА

Изутрина штом си стана,
на бунарот брза Дана.
Вади вода и се мие,
лице, уши таа трие.

Гнасотија ич не трпи,
втора кофа ене црпи.
Знае Дана мома мила:
чистотата дава сила.

Ј. Јосифовски



## Собирна акција

Пионерите збират скршени срчи. Гале реши и тој да помогне. Знае дека срчите во фабриките ќе се преработат во стакло за прозорци.

Бара по куќата, шурка ваму-таму: проклетите срчи нигде ги нема. Му падна мака. Што ќе му речат другарите, да не собере ништо.

Ама веднаш викна: „Знам што да правам!".

Зеде едно шише и трас од земја — го скрши. Дотрча мајка му. Кога виде тоа, плесна со раце:

— Што си сторил, сине.

— Ами, треба да однесам срчи во Домот, а јас нигде не најдов.

Тогаш мајка му му рече:

— Не бидуе така. Знаеш ли колку срчи има во визба и во урнатината до нас. Оди, собери ги, а немој да кршиш. Така не прават арни пионери.

## НА РАБОТА

И од село и од град
на работа стар и млад.

Живо напред, еден, два,
ечи песна работна.

На работа треба, знајме,
се од себе да си дајме.

Кој е вреден, ела сега,
доброволно, не со стега.

И од село и од град
на работа стар и млад!

## ПИОНЕРИТЕ И ГЕРМАНСКИОТ ПЕС

Тоа беше за време на окупацијата.

Еден ден се влекло по прашнавиот пат куче на швапски офицер.

„Е, сега ќе го наредиме“, помислиле пионерите. Му се приближиле полека. Кучето мирно им се даде в раце. Тие зеле четка и црвена боја и напишале на кучето: „Смрт на фашизмот“ и го пуштиле.

Да сте виделе само како беснееше Швабата, кога си го виде кучето. Го триеше, го триеше, но не успеа да ја избрише паролата на пионерите.

## НАРОДНО-ОСЛОБОДИТЕЛНАТА БОРБА

За неколку дена Германците ја победиа старата Југославија. Тогаш настанаа тешки времиња. Каде минеа фашистите, правеа пустош.

Тито и неговите верни другари ги повикаа народите на Југославија во борба за слобода против фашистите. Сите наши народи: Срби, Црногорци, Словенци, Хрвати и Македонци го чуја тој глас. Се крена на оружје цела Југославија.

Така почна четиригодишната народно-ослободителна борба на народите на Југославија против фашистите. Партизаните на Тито беа страв и трепет за Германците и нивните слуги. Тито ги водеше од борба во борба, од победа во победа, се дури фашистите не беа истерани од нашата земја.

Денеска Тито е маршал на Југославија и претседник на сојузната влада. Под неговото мадро раководство ние ќе је издигнеме нашата Федеративна народна република Југославија во срекна земја.

Нека е жив маршал Тито!

# НА ТИТО

Прими поздрав, другар Тито,
од нашиот убав крај,
од градишта и од села
кај што јасно сонце сјај.

Твојот лик ни пред нас стои,
го гледаме секој час.
Тито, Тито, сал се слуша
тоа име мегу нас.

Ти не, Тито, напред водиш,
чекориме по прав пат.
Во единство и во љубов
напред ојме брат до брат.



# МАЛИОТ ГЕРОЈ

Кога Германците ја нападнаа Советската земја, многу деца се најдоа во близината на фронтот. Тие многу смело и вешто помагаа на Црвената Армија.

Ученикот Миша Давидов е пресекол телефонската врска, што ја поставиле Германците. Детето го фатиле и почнале да го мачат, барајќи да им каже кој го научил тоа.

— Последен пат те прашаме: кој те научи да сечеш телефонски врски?

— Ќе кажам, — одговорил Миша, — Сталин.

Офицерот стрелал во лицето на детето.

Кога Црвената Армија ги истера Германците од селото, со војнички почасти го погребале малиот херој.



# СТАЛИН

На белиот ѕид во нашето школо закачена е голема слика. Еден селанец довоѓа да го запише сина си во прво одделение. Застана човекот пред сликата, ја симна од глава старата шапка, гледа и се осмевнуе.

— Тате, кој е тој човек? — праша детето.

Селанецот го погали детето и прозборе:

— Тоа е, сине, Сталин, големиот водач на Црвената Армија, што го ослободи целиот свет од робство. Тој живее во Москва, најголемиот град на Советскиот Сојуз.

Детето ја гледаше сликата и срцето му затупка в гради. Во това време влеѓова во стајата неколку деца, и еден извика:

— Да е жив Сталин!

— Да живее!... — извикаа сите, а со нив и малото селанче.

## СТРАЖАР

Ветер вее,
дожд се лее,
на стража сум,
вардам дом.

Пушка имам
страшна сила,
пука јако
како гром.

Крадливец ли?
Нека дојде,
ќе го фатам
како ѕвер.

Мечка да е,
нека знае
што сум сила —
пионер.

Сп. Чучук

## БРАТСТВО НЕ ЈАКНЕ

Македонче, Турче, Влавче
и Албанче — брат до брат,
кинисаа во нов живот
им покажа Тито пат.

На работа заедно се,
на учење таму пак,
в слога, в љубов, мали браќа
ке завардат куќен праг,



## ДРУГАРСТВО

Тоа се случи кога партизаните го ослободуваа Скопје. Борбата беше во полен екот. Улица по улица, куќа по куќа ги чистеа смелите Титови борци од проклетите Германци. Во сред град се заврза лут бој. Германците од една куќа стрелаа со митралези. Еден од партизаните во нападот беше ранет, и остана на чистината. Германците отворија огон на него.

Болничарката Драга го виде сето тоа, очите и светнаа и викна:

— Да се спаси!

Таа почна да лази и се приближуе кон ранетиот. Куршумите свиреа околу неа. Се доближи до партизанот и почна да го влечка. Кога дојде во заклонот, падна. Беше тешко ранета. Последните збороі пред да умре и беа:

— Како му е на ранетиот?

Другарството на нашите борци е посилно од смрта.

# Страшо и Мирче

СТРАШО И МИРЧЕ БЕА ДВА ДОСТОЈНИ СИНА, ДВА ОРЛА НА МАКЕДОНИЈА. ФАШИСТИТЕ БЕСНЕА ВО НАШАТА ЗЕМЈА: ПАЛЕА СЕЛА, УБИВАА ЖЕНИ И ДЕЦА, РУШЕА НАСЕКАДЕ. АМА НАШИТЕ НАРОДИ РЕКОА:— НЕ! НЕМА ДА БИДИМЕ РОБЈЕ НА ФАШИСТИТЕ!

ПОЧНА ЛУТА ЧЕТИРИГОДИШНА НАРОДНО-ОСЛОБОДИТЕЛНА БОРБА. СТРАШО И МИРЧЕ БЕА МЕЃУ ПРВИТЕ БОРЦИ. ТИЕ ГО КРЕВАА МАКЕДОНСКИОТ НАРОД НА ОРУЖЈЕ. МАКЕДОНСКИОТ НАРОД СЕ ПОВЕЌЕ ГО СЛУШАШЕ НИВНИОТ ЗБОР. ЗАТОА ФАШИСТИТЕ ГИ БАРАА ПОД ДРВО И КАМЕН. ЕДЕН ДЕН ТИЕ ПАДНАА ВО РАЦЕТЕ НА ПОЛИЦИЈАТА.

СТРАШО И МИРЧЕ ПРЕТРПЕА СТРАШНИ МАКИ ВО ЗАТВОРОТ ВО СКОПЈЕ. ИМ КУБЕА КОСИ, ИМ КОРНЕА НОКТИ. УМРЕА АМА НИШТО НЕ ИМ ИЗДАДОА НА УБИЦИТЕ.

ЗА НИВНОТО ГЕРОЈСТВО ВО БОРБАТА И БЕСТРАШИЕТО ПРЕД ПОЛИЦИЈАТА СТРАШО И МИРЧЕ СЕ ПРОГЛАСЕНИ ЗА ХЕРОИ НА ЈУГОСЛАВИЈА. ХЕРОИТЕ НА ЈУГОСЛАВИЈА СЕ ТИЕ КОИ ШТО ИМАТ НАЈМНОГУ ЗАСЛУГИ ЗА СЛОБОДАТА НА ЈУГОСЛАВИЈА.

# ФЕДЕРАТИВНА НАРОДНА РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА

ДЕДО ТРПКО ОТИДЕ КАЈ УЧИТЕЛОТ.

— ЗДРАВО И ЖИВО! ДРУГАР УЧИТЕЛЕ! ДЕНЕСКА ЗЕЛ ВНУК МИ ДА МИ ЧИТА ОД ВЕСНИКОТ. СЛУШАМ И СЕ НЕКОИ ЗБОРОИ СЕ ПОВТОРУАТ, А НЕ ГИ РАЗБИРАМ. ДОЈДОВ КАЈ ТЕБЕ ДА МИ КАЖЕШ ШТО КЕ РЕЧЕ ТОА: ФЕДЕРАТИВНА НАРОДНА РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА?

— ДЕДО ТРПКО. ФЕДЕРАТИВНА ЗНАЧИ ОТИ ЈУГОСЛАВИЈА Е СОСТАВЕНА ОД ШЕСТ РАМНОПРАВНИ ЕДИНИЦИ: СРБИЈА, ХРВАТСКА, СЛОВЕНИЈА,МАКЕДОНИЈА, ЦРНА ГОРА И БОСНА И ХЕРЦЕГОВИНА. СИТЕ ТИЕ САМОСТОЈНО СЕ УПРАВУАТ ВО СВОИТЕ ВНАТРЕШНИ РАБОТИ. АМА ТИЕ ВЛЕГУАТ ВО ЗАЕДНИЧКА ДРЖАВА — ЈУГОСЛАВИЈА ВО КОЈА ШТО СИТЕ НАРОДИ ИМААТ ЕДНАКВИ ПРАВА, СИ ЖИВЕАТ СЛОЖНО, БРАТСКИ И СЕ ПОМАГААТ ПО МЕЃУ СИ. НАРОДНА РЕПУБЛИКА СЕ ВИКА ЗАТОА, ДЕКА ВЛАСТА Е ВО РАЦЕТЕ НА НАРОДОТ.

# НАШАТА НАРОДНА ВЛАСТ

ПОРАНО ВО НАШЕТО СЕЛО ИМАШЕ ОПШТИНА. ОПШТИНАТА ЈА УПРАВУЕШЕ КМЕТ КОЈ ШТО ГО ДОНЕСОА БУГАРСКИТЕ ФАШИСТИ. СО НЕГО СЕДЕА ПОЛИЦАИ. ЦЕЛОТО СЕЛО ПРОПИШТЕ ОД НИВ.

НАШИТЕ ПАРТИЗАНИ НЕ ОСЛОБОДИА ОД ПОТИСНИЦИТЕ. СЕГА ЖИВЕЕМЕ СЛОБОДНО ВО СВОА ДРЖАВА. СЕЛОТО САМО СИ БИРА ОДБОР. ОДБОРОТ ГИ ВРШИ СЕЛСКИТЕ РАБОТИ ПРЕКУ ОДБОРНИЦИТЕ. АКО НЕКОЈ ОД ОДБОРНИЦИТЕ НЕ ЧИНИ, СЕЛАНИТЕ ГО СМЕНУАТ.

ОВИЕ ДЕНОВИ ОДБОРОТ СО ПОМОЌТА НА СЕЛАНИТЕ НАПРАВИ ЧЕШМА. ВО СКОРО ВРЕМЕ ЌЕ ГРАДИМЕ НОВО УЧИЛИШТЕ. СЕЛАНИТЕ ВЕЛАТ:

— СЕГА ВЛАСТА Е НАША. НИЕ САМИ СИ ГИ РЕДИМЕ НАШИТЕ РАБОТИ.

Црвено теле во јасли лежи (јазик)

Сред море оган (фитил во кандило)

Педа човек, лакот брада (метла)

Сам дедо куќа носи (полжав)

Околу бука шарена змија (појас)

Озгора небо, оздола небо, срце зелени ливади (зелник)

Од надвор зелено, од натре црвено (љубеница)

НАРОДНА БИБЛИОТЕКА